МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

електронско списание

Република Македонија

Мај 2014 | Број 22
ISSN 1857-9314

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов

ДИЗАЈН:
Сашо Гачев

РЕДАКЦИЈА:
Гоце Панговски

СОРАБОТНИЦИ:
Ѓорѓи Ѓурчиновски
Никола Темков
Никола Анѓелкоски
Монахиња Синклитикија
Горан Василески
Милена Ристова-Михајловска
Димитар Љоровски-Вамваковски
Оливера Ширговска

ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов

Почитувани читатели,

Секој нов број е ново камче во мозаикот наречен „Македонска Ризница“.

Во овој број Ви го пренесуваме сведоштвото за судбината на Македонците за време на „Априлската војна“, сведоштво за една партизанка која што го дала својот млад живот за слободата на Македонија, а преку зборовите на една монахиња од манастирот „Свети Архангел Михаил“ во Берово ќе ве запознаеме со ова духовно место. Тука се и стандардните прилози од македонската поезија, фолклор и уметност. Овие запишани сведоштва од македонската историја се само дел од нашето богато минато. Минато кое треба да го истражуваме за од него да стекнеме поука.

За крај би сакал да пренесам дел од апел на група млади Македонци :
„...Освестете се, Македонци, стреснете се додека не е доцна, затоа што, во спротивен случај тие ќе го направат, тие ќе си ја постигнат целта; свестете се за да не се каете отпосле, затоа што откако еднаш ќе се загнездат кај вас вие вечно станувате нивни робови. Тие немаат никакви права врз вас; вие треба да заживеете самостоен живот, ослободен од секакво влијание. Покажете пред светот дека и вие сте народ: дајте да се разбере дека сте достојни потомци на вашите славни предци...“

Јули, 1898 год. весникот „Глас“ бр.1

Ви посакувам пријатни моменти додека го читате новиот број на списанието „Македонска Ризница“

Со почит, Благојче Андонов

Во овој број ќе читате:

Две приказни од Априлската војна

Ѓорѓи Ѓурчиновски 06

НА БАЛКАНОТ - Македонците се бранат со бомби против турските војници

Никола Темков 16

Карикатура: Петар Поп Арсов

Никола Анѓелкоски 19

Македонски фолклор низ фотографии

Редакција 20

Манастир Св. Архангел Михаил (беровско)

Монахиња Синклитикија 22

Македонската партизанка Славка Манеска

Горан Василески 30

Пеење песна за поетиката (и создавањето на песната) на друг поет

Милена Ристова-Михајловска 32

Крсте Битовски (1926-2009)

Димитар Љоровски-Вамваковски 36

Поезија

Оливера Ширговска 40

Икони од Македонија

Редакција 44

ДВЕ ПРИКАЗНИ ОД АПРИЛСКАТА ВОЈНА

Следниве две приказни, се доживувања на моите предци од времето на Априлската војна во 1941. Имено, комплетно некреативната стратегија на кралската југословенска војска предвидувала во случај на нова војна пак да се изигра старото веќе видено „албанско-солунско“ сценарио од Првата Светска војна. Со таа цел, предвиделе одбрамбени (дефанзивни) дејства на целиот фронт, практично по целата граница на кралството Југославија, а само на фронтот (границата) кон Албанија да се преземат нападни (офанзивни) дејства.

Чија било анализа на ваквата „стратегија“ освен некреативна, оправдано ќе ја нарече и тотално капитулантска. И тоа капитулантска токму од претставниците на конститутивните „признаени“ народи во таа држава-зандана за сите останати народи-Македонците, Муслиманите, Албанците и останатите.

Па какво залагање и желба за борба и одбрана на занаданата можело да се очекува од насилно мобилизираните и угнетени поданици?
Делот за нападни дејства ги опфаќал деловите на Црна Гора, Косово и Македонија. Во црногорскиот дел тие речиси го зазеле Скадар, на косовскиот дел не се презело ништо. На делот на Македонија, во Дебар и во Јужни (денешен Македонски) Брод се случиле единствените два судири. Интересно е што првиот судир бил воден од војската, а вториот како одговор на народот дека ако не е мераклија да гине за апсанџиите, тоа не значи дека нема срце и душа да се бори за сопствената слобода.

Првиот текст се обидов да го пренесам онака како што мојот покоен дедо го раскажа додека го снимав на аудио лента во доцните осумдесетти години на минатиот век. За таа цел морав да воведам некои посебни обележувања на определени групи на двојни самогласки, кои што во Битолските Горни села: Цапарско Поле и околината се изговараат поинаку од стандардот на македонскиот литературен јазик. Имено, зборовите како заминуваат, не се изговараат ниту со едно, ниту со две „а“ самогласки, ами со нешто како една и пол, ако така можам да се изразам. За таа цел таквите самогласки во текстот ги имам обележано со цртичка над самогласката, на пример: ā, ō. Доколку нагласокот на определен слог е различен, има апостроф што го означува тоа.

Приказна прва: Во Албанија

Јас ојдов „вежба“ четириеста година. Таму, во Прилеп, нѐ држā дванајсе-тринајсе месеци. Во меѓувреме еднаш или двапати нѐ пуштија дома, за Божик или Велигден... Ко дојдовме, од чин резервен поднаредник, ми дадō чин наредник, со батеријата јас располагав, јас и кумандирот. Кај нас војната уште немаше почнато, ама некако нѐ забрā таму, „на вежба“ малку пред да пропадни Франција.

Дедо ми како војник на кралство̄то Југославија, 1934

Кога почна војната и кај нас, дојде време веќе да се креваме на фронт. Оттаму, ние, коњите, топојте-на Брод, не овој овде, ами тогаш го викā Јужни Брод, денес е Маќедонски Брод, и по реката Треска угаре. Реката беше надојдена и бесна... Цела година и кусур нѐ држā на вежба, а ваму излезе војна, сите бевме гајледисани, сите задумани дали ќе се вратиме здрави и живи. Тука негде пред Латō, на една полјана ’и отпрегнавме коњите за да се одморат и да му дāт зоб. Еден од војниците му ја остаел зобницата на коњот на муцка, овај жеден влезе во водата сосе зобница, не мојше да диши и с’удај и замина прудолу...

Оттука ојдовме за Ќичево, низ Ќичево, за Гостивар, па Маврово. Оттука по Радика реката прудолу, ја прејдовме на Бошков Мост, отаст’рна таја се мешат со Дримот, со Црни Дрим, прејдовме и ојдовме кај Бањите, не на Радика шо сет, кај други Бањи ојдовме, Бањишта некако така се викāт. Тамо, во една река сува ’и постројфме топојте, батеријата, и сега сејме.
Во средата сабајле, првата пушка пукна откај Бањите тамо, откај Пешкопеј... со Таљаните. Оти Италија беше влезена во Албанија, окупирана беше.

И... почна војната.
Бам-ба, бам-ба, ние врлавме тамо. Имаше во тō Пешкопеј една џамија, на високо така крената со шуме одоколу, таму биле топојте таљански. И ко и’ викнавме на тā џамијата-ја скапавме, ја напрајвме парчиа цела, со топојте одàде. А кумандирот беше горе, на ридот беше негде тамо, со телефон, па отаде со двогледот гледаше и кумандуваше: лево-десно, даљинар

Борни коли на германските СС единици на пат од Битола кон Струга, април 1941

толку, тò толку, нишанска тачка, сето тō, ти кумандува тој, инаку не можиш ти да видиш, како шо ти вели тој одонде, така ти ги вртиш нишаните овдека.

За рок од три дена-средата, четвртокот и петокот, иљада души Таљани си дојдō в Дебар. Наметнати, си врнеше времето така лапајца, со пелерините, со капчињата со пердујте обесени, чини влези си во касарната, ич никој не ги тераше. Отаде пребегај, дојди си тука во касарната, легни си тука-заробеници! Така, до петокот пред Велигден, до Велипеток, така ми се чини...

Претходно, заборајв да ти кажам, види каква будалштина: војскава го сќина мостот на Дримот, по него го сќинā и Бошков Мост, а ние сите војската, топојте ’натре во Албанија. Се чудиме, се думаме, шо марифет ќе биди ова, ама гледаме дека никаква отстапница за назад немаме. Ние кај д’ ојме, и да сакаме негде да избегаме, не мојме... Нѐ зајаде јанѕа...

И така, ко’ дојдō Ѓерманците, не дојдō преку Дебар, ни преку Маврово, ами дојдō одоѕгора по Дримот, откај Струга, и ко дојдō-Шпилсќи Мост урнат, срамнет. Со так’ō, со кајчиња, со чамци, чамец до чамец, кај ’и најдō, кај ’и запустија и со талпи на ними искоани, и секој

чамец со сајла железна и канџи големи, како ченѓелите за стока дерење, фрлени во реката, закопани тие ченѓелите, и врзан чамецот, некој за врбите врзани и така напраја мос' на Дримот. А Дримот камен и дрво носеше, толку голем. Во четвртокот цел ден тие да ти работале туа, а ние се биевме со Таљаните, никој од нас ништо не виде...

Петокот сабајлето, дојдō. Прво пукна една бомба стреде Дебар во една куќа, оти Дебар малце вака накосо ет, на едно ритче, а ние ко шо бефме потамо кон Бањиштава. По првата пукна уште една, па уште една и почна полево да јачит.

Тие со противтенковски пушќи тука пукале, не со минобацачи. Пукале прво со противтенковсќите пушќи по куќите. Чини мавни во ѕидот од куќата, светни ваму, експлодирај тамо внатре во ѕидот. Сетне ко почнā и со минобацачите, почна полето Дебарско да јачит. Едно време се јави командирот:
-Топове налево круг, војско! Немци позади вас сет, рече.

Рече, и... толку! Кај ќ'ојме ние, ни налево, ни надесно топојте не 'и мрднавме, ич! По две минути, откај Дебар, имаше едно завиоче, се појави една борна кола, постоја малку и се подврати назад и ги отпушти митралезите. Мавāт ли мавāт по тоа штитојте, свират куршуми, се напикавме во ровојте, шо мојш да праеш-ништо! Пукā, пукā, пукā, застанā-ние си сејме во ровојте-ништо! И едно време иди бојната кола, уш'е една, уш" една, сè борни коли, не б'ја́ тенкој, тенкојте останā назат тамо, и туку иди та́ бојната кола над нас.

Имаше на ридот над нас еден мајор шо беше тамо да ни ги дава елементите за топојте. Тој цело време пукаше од ридот со пушкомитралес. Да пукат, да пукат, не се предават. Сето пукање шо го слушавме да ти биди по него... едно време кога прекрати, значи го убија.

Едно дете од војниците наши да го сќинит вратот од кошулата и да го појавит со пушката угоре, бел беше тој вратот. Кај му текнало?! Се појави тō над ровојте и ни викнā тие од борните коли:
- Излегвајте, aus soldati!

Не знам точно, како така да рекоја. И излеговме сега тука, ни раце кренати, ни ништо. Ми дојде еден Ѓерманец, ме фати за рака, ми го извај гајтанот од пиштолот преку гуша шо го имав (дека подофицер, пиштол-крагуевка имав) за да го извајт пиштолот, а јас го извајф со сè футрола, го фрлив пред нив, си го вратив опасачот. Тој Ѓерманецот ми ги исќина ѕвездите од чинојте, ми ја исќина кокардата и ги врлија на земја. Нè обезоружā, ни го зедō оружјето шо го имавме на нас некој поднаредници, наредници.

Имаше еден друк, поднаредник, и тој Маќедонец от полсќиве села, ама не знам од кое село беше, тој да ти се пикнит под едно мовче-ќемерлија уште од Турците праено, ама забаталено беше тō мовчето и таму се скрил. Тој да не излезеше однатре немаше ни да го видат, ќе поминеа-ќе заминеа, тој ќе си одеше, ама тој се измолкна од под мовче и за пиштол се држит. Ние сите бевме веќе построени веќе за заминување и слушаме: крррррр, ко' ќе видиме-Ѓерманецот наместо го

Италијанските војници разговараат со заробените војници на кралската југословенска војска во Дебар, април 1941

уби со шмајзерот. Тие си мислеле дека го вади поштолот за да ги тепат. И го убија човекот тука пред нас, кој беше-шо беше, не знам, ти реков.
И оттука нас нѐ забрā, нѐ затворија во Соколаната-во Дебар има Соколана. Туа напред на телевизија ја видов еднаш. Ги извадō Таљаните, нѐ напикā нас четири иљади Маќедонци внатре. Од тие страниците околу Дебар дојсō ’натре џандари српски заробени. Ко’ му викнā овие нашиве да мавāт, еее, тō лом беше. И памта’, еден џандар шо го рече:

- Абре, што и да праете, рече, ние пак ќе дојме во Маќедонија! Што да прајте, велит, српска чизма пá ќе згазит во Маќедонија!
Го памта’ тō... И пак дојдō тука, и тука сет. Командантот на војската во Скопје, шо ет-Србин ет, ете затō ти вела’!
Нѐ држā два дена тука Ѓерманците во Соколаната, ни леб, ни вода.

Некои од пенџерите избегā за да си дојдат дома. Помислив и јас да бегам. Се врлив од пенџерата, ниска беше, станав и гледам

Италијанските цигари „Macedonia“

наближвāт на стотина метри едни Албанци отаде, со пушќи наоружани идат наваму. Видовне видов се вратив назад, преку пенџерата назад во Соколаната. Влегов ’натре и се доблиза еден наш рисјанец до пенџерата, и ми вели:

- Слушај, ми вели, немој да бегаш, оние се балисти, ќе те убијат. Ти нема да си ојш дома жив! Ами ако бидиш роб-биди, поарно отколку балистите заради алиштата да те убијат!
Немој да бегаш!
И јас го послушав него, не избегав пак!
По три дена, Ґерманците нѐ предадō на Таљаните.

Дојдō Таљаните туа, откō нѐ зедō, следната вечер кај осум-девет сāто така, почнā да брчат камиони надвор, донесō „Фијати“ камиони, шеесе „Фијати“ донесō, со цирадн покриени. И, по пеесе, по шеесе души ’натре, пикај, напраени со столици од талпи. Нѐ накачија ’натре, и двајца карабињери напрет, двајца карабињери назат, карабињерите беа џандарите таљанскѝ. Сите шо бевме во камионот бевме затворени во иста соба во Соколаната. И ми велат тие другарите:
- Ех, сега ќе ни ја е..., ќе нѐ отерāт онамо на фронтот во Африка!
- Да бе, реков, ние Југославија ја додржавме, сега Африка е на ред! Туку, ако заминиме према Пешкопеј, реков, ќе нѐ носат Албанија,

Италијанските војници пред Соколаната во Дебар, април 1941

ако фатиме лево од Соколанава, значи ќ' ојме према Струга.

Ама ние право тргнавме-Албанија!
Дури да нѐ натоварат, дојде дванајсе сāтот, море еден-два да не беше. И оттука ојдовме во Пешкопеј, на едно место потамо, не знам како се викаше, нѐ запр'ја, нѐ одмор'ја, да с' обденит сакā, за да видат Албанците тамо како се заплени југословенската војска. После тō заминавме по реката Шкумба удолу, нѐ носеа низ други селца, ама не 'и знам како се викāт. Ко' заминавме од селата преку планината, према Ељбасан, таму б'ја стационирани војсќите таљанскѝ. Нови патишта имаше праено, нови чешми и тамо на војската логоро му беше. Ко' дојдовме таму, застанā со камионите и ни наредија да слезиме.

Слеговме и гледаме-бочви со вино и раќија б'ја низ дабјето наредени, низ орманот наредени така и ни вељ'ā Таљаните:

- Што сакате, вино, раќија, цигари, леб-само двопек. Шо сакате да јадите?-и ни нос'ја.
И тогај видоф јас во Албанија цигара, со големи букви да пишит-МАЌЕДОНИЈА...
Ех... ко' нѐ понудија Таљаните ние бевме и гладни и жедни, и за леб и за вода и за сѐ. Четири дена нејадени. Ама ни рекō Таљаните:
- Немојте двопек да јадите, оти можи да умрите, да ви с' исќинат цревата! За пиење колку сакате пијте!
Ни дојсō тамо вино, раќија, вода, јас вода побарав, не сакав од друѓите работи, имаше некој од нашите се испијанија.
Оттуа нѐ отерā во Ељбасан, во едни бараќи, Грците кај што биле заробеници, оти војната со Грците само шо заврши, овā почна. Ними 'и кренале оттуа, нас нѐ наместија. Ама бараќите не б'ја чисти. Ни дадō по една бала слама на чоек и по едно ќебе, и ни велат:
- Овде ќе си постелите, велат, ќе си исчистите сѐ, и 'натре ќе спиете.

Значи, едно ќебе здола-за двајца, едно ќебе згора, да се покриваме. И почнā да се бунат нашите. Скоро сите ние бевме Маќедонци. Србите 'и одделија уште прво. Ти велам, почнавме да се буниме. Дојде еден офицер таљанскѝ, откај Австрија, отаде беше, знаеше убō српско-хрватски јазик и тој ни рече на сите:
- Слушајте, вели, вие никакво право немате! Вие сте робје! Сите да ве истепāт Таљаниве, рече, никој не одговарат! Тō да знаете!
И оттогаш ние смекнавме со тō викањето. Си пославме, си сторивме...

Друѓ'јот ден, дојсō потполно нови алишта, таљанскѝ: ванелче, кошула, блуза војничка сѐ, и пантолони. Нѐ облекō. И нашите алишта 'и зедō и ние си рековме дека ќе нѐ терāт на фронт. Нѐ слушна тој истион офицер, шо ни велеше да не се буниме, и ни велит:

- Абре од вас Југославија аир виде, та и Италија да видит. И неа ќе ја предајте. Ич немој да берите гајле, алиштата ќе ви с' исперат во парните котли тамо, од секакви болест, од сѐ, од „живина", велит, утре ќе ви ги дајме назад. Сѐ што е кожа, кајшојте, немојте да 'и клавате, оти ќе 'и изгорит.

И така ние се слековме, му 'и дадовме алиштата, друѓ'јō ден ни 'и дадō назат, ние му ги дадовме нивните назат. После тō, пак нѐ товарија на камиони и нѐ однесō во Фир. Таму најдовме исто логори од Грците. Тој Фир е потака од Ељбасан, према морето, не према Тирана, ридо да го прејдиш, Ваљона е тамо.

Логоро беше празен. Само имаше во шаторите шо му беа за шес' души кренати, едно десетина таквиа, полни со ранети онеспособени луѓе: некој без рака, некој без нозе, без уши, носој, изгорени Грци, така се куткалā по шаторите. Тие не б'ја Грци, наши Маќедонци б'ја, Грк заробен тамо не видов, сѐ нашиве Маќедонци шо го држ'ја фронтот. И ко' одовме тамо, по ока вошка имаше на секој од нив, сироти. Дојдō еден ден со сенатерни коли, овие шо сет болничкѝ коли, 'и кренā на носила, 'и кладō во колите и заминā. Едни наши не 'и збираше во големите шатори, ојдō тамо во чадорите кај шо беа осакатените. Леле, леле ко' зовријā вошкѝ, ај после Таљаните, чисти 'и, пусти 'и, прскај. Исто му 'и преслекō алиштата пак, и до кај шо имаше влакно 'и

истриж'ја, 'и испрскā со билќи, таква вошка немам видено во животот, ни ќе вида. Нејсе, се очистија тие шаторите, некој ојдō тамо, јас не ојдов, си седев кај шо нѐ кладō прво.
Седевме во логоро три месеци.

Меѓувреме дојде амбасадорот бугарски, дали беше од Албанија, дали дојде од Маќидонија тамо-не знам.
- Кој се, рече, Б'лгари, да се јават!
А ние четири иљади Маќедонци бевме. Никој не се јавивме дека Балгари сне. Седа тој така еден цел ден и со звучници, оти логоро голем беше, четири иљади души 'натре пикнати.
- Кој се Балгари да се јават веднага си заминават за својте к'шти.
Никој од нас не се јави. Дојде и албански амбасадор:
- Кој е Албанец, да се јави, дома ќе с' јојт!
Знам се јави пред очите мој, за Албанец, еден наш Маќедонец. И му реков јас:
- Немој да си ја продаваш верата, за месец-два шо ќе си ојш понапред, немој!
Вели:
- Море да си одам, и Турчин ќе се пишам, не тō, туку и којзнае шо ќе се пишам, само да си одам!
- Не чини така, реков, кај шо ќе гинат овие четири иљади души, ќе гиниме и ние. Како така, уште малку ќе нѐ пуштат сите, Таљаните сами ни велат дека така ќе биди, немој!
Тој с' јојде, одма с' јојде. Се јави, одма го зедō в кола и г' однесō. Тој беше од струшќите села, од Лабуниште.
А храната ни беше добра, додуша. Ни готвеа, ама ние бевме нечесни. Ко' ќ' одевме тамо да чекаме на казанот, ќе 'и извајā казаните, а тој казанот висок колку мене, да влеза внатре ќе с' удā. Давā полно, само макароњи и двопек. Ама овие нашиве, от шо не 'и траеше кожа да чекāт на редот стално се туркā. Тō дојде до тамо шо еднаш еден од заробениците го пикнā в казан. Тој Таљанецо, готвачот, не можеше појќе да 'и гледа, вели:
- Порка мизерија, да с' удајте сите! Шо сакате праете!
И го удри кутлачот во макароните, си замина. После дојдоа стражарите и тој ден си останавме гладни. А тие шо се нагнетија во казано, кој раце изгореа, кој суратите 'и изгор'ја, а гладни сите останавме.
Е, ко' дојде дено за с'јоѓање, ни казā, вели:
- Спремете се сега, соберете 'ј шаторите, сѐ шо требат, чесно-поштено, шо ви ет дадено, ќе си предајте!

И ние, станавме от шаторите, ќеби'ата шо б'ја от Таљаните му 'и дадовме назат. 'И спакувавме таму ко' шо треба и се раздолживме. А сламата ја остајвме ко' шо си беше послана. Тие ни рекō да ја остајме. Дојдō сетне камионите, нѐ кренā оттука по истиот пат откај шо нѐ дојсō: нѐ вратија Ељбасан, па Струга, преку Мали Влај, по Дримот за Дебар, Дримот го прејдовме на Шпилски Мост, поправо на понтонскиот мост шо беше праен од Ѓерманците пред нас да нѐ заробат; после на Бошков Мост по Радика угоре за Маврово, Гостивар. Од Гостовар не знам дали ојдовме Тетово или не. Отту'а заминавме за Скопје, на аеродромот. Таму имаше бараки, нѐ сместија тамо Бугарите.

Дури бевме до Гостивар бевме под Таљаните. Сетне нѐ предадō на Бугарите. Ко' нѐ предадō на Бугарите, нѐ предадō на улерата. Нѐ пикнā

тамо во тиа бараќите како стока. Ни јадење, ни пиење. Нѐ држā еден ден цел, или два, така.
-Нема храна, да е... мама му, велат Бугариштата.
-Нема, нема, добро, учени сме ние, си велиме.
После нѐ качија на возот. Возот ’ногу бавно одеше, на сите станици стоеше по некој сāт-два или појќе, ама дојдовме Битола дури другиот ден, кај осум-девет сāтот. Ноќта нѐ вати кај Богомила.

И ко дојдовме на железничката станица, слеговме тамо, гледаме еден федфебел, му ’и берит на роб’јашите кајшојте шо му останале на секој војник. Магаре бугарско, сѐ му собра, матарки, торбиња, абе сѐ шо имавме ни собрā, ги нафрлија во еден камион и заминā.
Мене ме чекаше тамо Науме, на баба ти Фана татко е. И тој му велит на федфебелот:
- Земајте, земајте, ќе му го сторите аирот како и тие пред вас шо б’ја!
Му списка тој федфебелот:
- Не дај да приказваш!
Ние само си заминавме за Цапари горе...

Приказна втора: Во Брод

Во Брод, Кичево и Дебар капитулирале последните воени формации на кралската југословенска војска. Во Брод имало стационирано артилериска хаубичка единица. Како и на многу други места, и тука организираното предавство на офицерите, едноставно ја распуштило мобилизираната војска, а оружјето останало каде што се нашло. Напуштените хаубици во Брод биле оставени во дворот на црквата „Пресвета Богородица“ затскриени низ крошните на багремовите дрвја. Буквално сѐ било оставено, и муницијата-сѐ.
Првата извидница на германската тенковска единица се појавила од кај Еѓупски Гроб, место до таканаречената Дервишка Нива под преминот Барбарас. Оттаму Брод и околината се гледа на дланка. Тука тенковите запреле, само една борна кола со петмина војници и развиорено бело знаме се спуштила по кривулестиот пат кон Брод.

Токму тогаш, еден „едепсаз“ бродски, шетал низ дворот на црквата разгледувајќи што сѐ не останало по војската во распад. Се думал, се шуткал лево-десно, не можел да се начуди! Со години служел војска, бескрајни „вежби“ со месеци, како којзнае колку да ќе се борат, а ваму види-за миг сѐ напуштија! Вознемирен дека без испукан куршум цела војска и држава пропадна, видел како слегува германската борна кола-преговарачите надолу по ридот.

Сѐ се случило во миг. Се сетил на обуката што ја имал за овие артилериски орудија, ги зел елементите на борната кола, нанишанил-и по неколку секунди ништо не останало од борната кола и посадата во неа-сѐ отишло во парампарчиња.

Штом виделе што се случило со нивните преговарачи, Германците ги повлекле тенковите поназад од Еѓупски Гроб, во долчето, за да бидат затскриени од евентуален нов напад. По неколку минути отпочнале со стрелба, по воените цели што можеле да ги забележат. Притоа биле погодени и неколку куќи кои што се запалиле. Додека траела стрелбата по воените цели, жителите на Брод ги напуштиле куќите и

ја фатиле околната шума.
Од гранатирањето настрадала една болна, немоќна-неподвижна старица. Црквата, откаде што пукнала хаубицата и сè друго кон расадникот, училиштето, сарајот, анот-останало негибнато.

Потоа, Германците слегле во Брод и бидејќи никаков друг отпор не им бил пружен, веднаш продолжиле кон Кичево, и понатаму кон Дебар каде што требало да им притекнат на помош на нивните воени солузници-Италијанците кои што наместо да ги пречекаат во Кичево, морале да се повлечат десетина километри назад во Албанија.

Откако Бугарите ја востановиле окупаторската власт веднаш изградиле споменик на местото на гибелот на германските парламентарци, споменик со орел најгоре и натпис: „Слава на вас които освободихте Македонија“.
Подоцна, овој споменик станал постојана мета за уривање од страна на партизаните, по што бил обновуван сè додека не бил разнесен со динамит. Бетонското постолје останало сè до крајот на седумдесетите години на дваесеттиот век кога било конечно затрупано при пробивањето на новиот асфалтен пат Прилеп-Македонски Брод.

Ѓорѓи Ѓурчиновски


FIRST PZ GROUP
Kragujevac
Morava R.
Giurgiu
Ruse
Danube R.
Nis
XI Corps
XIV Pz Corps
8 Apr
SOFIYA
TWELFTH
STARA
PLANINA
XL Pz Corps
BULGAR
Skoplje
Vardar R.
6 Apr
XVIII Mtn. Corps
XXX Corps
ITALIAN
ALBANIA
FRONT
TIRANA
6 Apr
Kavala
THASOS
Salonika
SAMOTHRAKI
GREECE
LIMNOS
Larisa

НА БАЛКАНОТ

Македонците се бранат со бомби против турските војници

DANS LES BALKANS
Macédoniens se défendant à coups de bombes contre des soldats Turcs

Веќе неколку месеци, политичката ситуација во Македонија е доста проблематична, и европскиот мир би можел да биде нарушен, и покрај големата потреба за спокојство од страна на загрижените народи. Овие земји се главно Русија и Австрија и, повремено, Франција, Англија, Германија и Италија.

Христијаните од Македонија, турски поданици, се жалат дека се сурово угнетувани од страна на муслиманите. Како што Le Petit Journal веќе изјави, Европа побара од султанот на Константинопол итни реформи на коишто тој се согласи, но тие сè уште се спроведуваат со прекумерна забавеност, иако, по разни поводи, Европа го потсетуваше султанот на неговите ветувања.

Во меѓувреме, се организираа немири во Македонија и многу бугарски групи, под команда на бугарски офицери од границата, доаѓаа на помош на угнетените браќа. За возврат, Турција изнесе свои набљудувања. Тоа беше, вели таа, неприфатливо од вазалска држава како Бугарија, да подржува бунтовници против власта на султанот. Владата на принц Фердинанд тогаш одби било каква одговорност, наведувајќи дека групите кои се приклучија кон македонските бунтовници дејствувале против негова согласност. Никој не поверува во ова дипломатско тврдење.

Сепак, злосторствата продолжија и во одредени области предизвикаа убиства на мирни граѓани,

нивните сопруги и нивните деца, потоа грабежи на куќи, палење на градови и села, експлозии на бомби и динамит, секоја страна обвинувајќи ги другите за злосторствата, во неможност да се спознае правата вистина.

Она што е сигурно, тоа е дека султанот на Константинопол, охрабрен од вообичаената злонамерна дипломатија на Вилијам II, неговиот голем советник и снабдувач на оружје и муниција, а исто така и од страна на неактивноста на себична Европа, е соочен со сериозни резолуции.

Le Petit Journal, 27 Септември, 1903 (број 671)

Превод од француски: Никола Темков

Dans les Balkans
Macédoniens se défendant à coups de bombes contre des soldats Turcs

Depuis plusieurs mois, la situation politique de la Macédoine est profondément troublée: et la paix européenne aurait pu s' en ressentir, sans l' extrême besoin de tranquillité qu' éprouvent les nations intéressées. Ces nations sont, principalement, la Russie et l' Autriche et, accessoirement, la France, l' Angleterre, l' Allemagne et l' Italie.

Les chrétiens de Macédoine ne, sujets turcs, se plaignent d' être cruellement opprimés par les musulmans. Ainsi que le Petit Journal l' a déjà dit, l' Europe demanda au sultan de Constantinople des réformes urgentes qu' il consentit, mais qu' il n' opéra qu' avec une lenteur excessive : encore fallut-il, à différentes reprises, lui rappeler ses promesses.

Pendant ce temps, l' émeute s' organisait en Macédoine et de nombreuses bandes bulgares, commandées par des officiers bulgares, passant la frontière, venant au secours des frères opprimés. A son tour, la Turquie présenta des observations. Il était, selon elle, inadmissible qu' un État vassal, comme la Bulgarie, s' associât aux révoltés contre son autorité. Le gouvernement du prince Ferdinand déclina alors toute responsabilité, allégeant que les bandes qui rejoignaient les révoltés macédoniens agissaient contre son aveu. Personne ne fut dupe de cette allégation diplomatique.
Cependant, les atrocités continuaient dans les régions soulevées, assassinats de paisibles citoyens, de leurs femmes et de leurs enfants, pillages des maisons, incendies des villes et des villages, explosions de bombes de dynamite, chacun des partis rejetant sur l' autre les crimes commis, sans qu' il soit possible de discerner

exactement la vérité.
Ce qui est certain, c' est que le sultan de Constantinople, encouragé par la mauvaise foi habituelle de la diplomatie de Guillaume II, son grand conseiller et son pourvoyeur d' armes et de munitions de guerre, et aussi par l' inaction égoïste de l' Europe, est à la veille des résolutions énergiques.

Le Petit Journal du 27 Septembre 1903 (Numéro 671)

Dans les Balkans

MACÉDONIENS SE DÉFENDANT
A COUPS DE BOMBES CONTRE DES SOLDATS TURCS

Depuis plusieurs mois, la situation politique de la Macédoine est profondément troublée : et la paix européenne aurait pu s'en ressentir, sans l'extrême besoin de tranquillité qu'éprouvent les nations intéressées.

Ces nations sont, principalement, la Russie et l'Autriche et, accessoirement, la France, l'Angleterre, l'Allemagne et l'Italie.

Les chrétiens de Macédoine, sujets turcs, se plaignent d'être cruellement opprimés par les musulmans.

Ainsi que le *Petit Journal* l'a déjà dit, l'Europe demanda au sultan de Constantinople des réformes urgentes qu'il consentit, mais qu'il n'opéra qu'avec une lenteur excessive : encore fallut-il, à différentes reprises, lui rappeler ses promesses.

Pendant ce temps, l'émeute s'organisait en Macédoine et de nombreuses bandes bulgares, commandées par des officiers bulgares, passant la frontière, venaient au secours des frères opprimés.

A son tour, la Turquie présenta des observations. Il était, selon elle, inadmissible qu'un Etat vassal, comme la Bulgarie, s'associât aux révoltés contre son autorité.

Le gouvernement du prince Ferdinand déclina alors toute responsabilité, alléguant que les bandes qui rejoignaient les révoltés macédoniens agissaient contre son aveu.

Personne ne fut dupe de cette allégation diplomatique.

Cependant, les atrocités continuaient dans les régions soulevées, assassinats de paisibles citoyens, de leurs femmes et de leurs enfants, pillages des maisons, incendies des villes et des villages, explosions de bombes de dynamite, chacun des partis rejetant sur l'autre les crimes commis, sans qu'il soit possible de discerner exactement la vérité.

Ce qui est certain, c'est que le sultan de Constantinople, encouragé par la mauvaise foi habituelle de la diplomatie de Guillaume II, son grand conseiller et son pourvoyeur d'armes et de munitions de guerre, et aussi par l'inaction égoïste de l'Europe, est à la veille des résolutions énergiques.

Петар Поп Арсов

македонски
револуционер
1869-1911

(портрет карикатура,
молив во боја на
хартија)

Никола Анѓелкоски

MACEDONIAN MARTHA AND MARY PLAYING THEIR RESPECTIVE PARTS

In Yugo-Slavia spinning, weaving, and other home manufactures are carried on chiefly during the winter months, when the female members of the peasant population have little or no outdoor work to claim their time. At Ochrida, a prominent town of Western Macedonia, situated on the lake of the same name, flourish many ancient industries, but none so favoured by the housewife as spinning

Photo, L. G. Popoff

Macedonian Martha and Mary playing their respective parts

In Yugo-Slavia spinning, and other home manufactures are carried on chiefly during the winter months, when the female members of the peasant population have little or no outdoor work to claim their time. At Ochrida, a prominent town in Western Macedonia, situated on the lake of the same name, flourish many ancient industries, but none so favoured by the housewife as spinning.

Македонските Марта и Марија[1] ги играат своите улоги

Во Југославија ткаењето, и другите домашни производства воглавно се вршат во текот на зимските месеци, кога женските членови на селското население имаат мала или никаква работа на отворено што би им го одзела нивното време. Во Охрид, истакнат град во западна Македонија, кој се наоѓа на езерото со истото име, цветаат многу древни индустрии, но ниедна не е толку претпочитана од страна на домаќинките како ткаењето.

Објавено на стр. 4598 од книгата “Peoples of all nations”, објавена во 1922 година, уредена од J.A. Hammerton.
Автор на фотографијата: L.G. Popoff

Превод од англиски на македонски јазик: Гоце Панговски и Александар Стеванов

---

[1]Марија и Марта се најпознатите сестри во Библијата. И двете и од Лука и од Јован се опишани како пријателки на Исус.
„Исус ги сакаше Марта и нејзината сестра и Лазар“ (Јован 11:5).

Манастир Св. Архангел Михаил (беровско)

Кога низ воздухот ќе се разлее песната на ѕвоното од манастирските камбани, се полнат срцата на сеприсутните во женскиот манастир Св. Архангел Михаил. И кога од грлата на монахињите на утринската Богослужба ќе затреперат тоновите на божествената Господи помилуј, се радуваат душите на сеприсутните во древната Црква посветена на Св. Архангел Михаил. И кога ветрето ќе се испреплете во зелените дрвја мамејќи благ и тивок шепот од нивните гранки, целиот воздух затреперува од јачината на необјаснивата тишина која владее во манастирскиот двор, украсен со шарени цвеќиња кои сведочат за сите Божји дарови и сите Божји убавини, кои Бога ни ги дарил нам, на човечките души.

Женскиот манастир Св. Архангел Михаил, сместен во Беровскиот крај, изобилува со слова, кажани и прераскажани од двовековното монаштво, кое до ден денес непрестано ја слави љубовта Господова преку секојдневните Богослужби.

Пишаните списи говорат дека првата црква во Берово била црквата Свети Георгиј, што се наоѓала во источниот дел на сегашно Берово. Црквата била многу мала за да ги собере сите верници, па така народот се собрал и решиле да побараат дозвола од турскиот валија за изградба на нова црква. Тој се согласил, но само ако се исполнат три услови: 1. Црквата да биде изградена за 40 дена; 2. Црквата да биде изградена под земја и да не се гледа; 3. Најмалата ќерка на

тогашниот свештеник, да биде дадена во харемот. По милоста Божја и верата на беровчани, на 40-тиот ден црквата засјаила под земја, но третиот услов не бил исполнет, поради што свештеникот бил затворен. Сепак, по три години, тој бил ослободен, а ќерката се вратила во Берово. Црквата била осветена во 1818 година, а дваесет години подоцна било основано и првото сестринство. До ден денешен, речиси два века, манастирската црква ја красат молитвените Пасхални стихири, воспевани од монахињите.

Денес, манастирските конаци ги чуваат три монахињи, кои секојдневно преку Богослужбите во црквата и новоизградениот параклис се молат за мир и спасение на сите луѓе. Манастирскиот параклис е посветен на Св. Григориј Палама и Старец Јосиф, а сестринството го користи за време на студените зимски денови. Истиот е фрескописан со фрески на светители, со поддршка и помош на верниот народ.

Една од одликите на ова благословено место е и изработката на мозаици. Камче по камче, секое камче исплакнато во солзите на овие духовни светилки облечени во темнина, молитва по молитва, сестрите ги создаваат ликовите на светиите, ги пресликуваат византиските шари со силната топлина на разноликоста на навидум студеното творение на Божјата природа.

По молитвите на Светиот Архангел Михаил, Свети Григориј Палама и Старец Јосиф, Пресвета Богородица да им даде вечен покров на сите православни христијани кои со радосна љубов го посетуваат овој древен манастир.

Монахиња Синклитикија

МАКЕДОНСКАТА ПАРТИЗАНКА СЛАВКА МАНЕСКА

Не е многу познато за животниот пат на Славка Манеска, најмладата партизанка која на свои 17 години го дала својот живот за идеалите и слободата на македонскиот народ. Токму нејзините години ме поттикнаа да пишувам за неа.

Славка Манеска е родена 1926 година во село Владиловци, велешко. На самото пораѓање починала нејзината мајка, оставајќи ја Славка со својата 2 години постара сестра. Нивниот татко бил во тоа време на печалба во Романија, па кога разбрал за немилиот настан, веднаш се вратил назад. По пат за дома, од Пирот купил голем ткаен килим кој го наменил за свадбата на својата новородена ќерка Славка. Кога стигнал дома, тој ја дал Славка на чување во Прилеп кај мајката и таткото на својата почината сопруга. Таткото на сопругата, прочуениот Ѓоре Американецот, бил многу богат човек кој имаш своја кафеана и една од најубавите и најраскошните куќи во Прилеп, во Корзо маало. Славка израснала таму, нејзиниот дедо и станува како родител, бидејќи таткото одел на печалба во Романија.

Со доаѓањето на Бугарите и завземањето на Прилеп, била завземена и куќата на Ѓоре Американецот и била претворена во хотел за бугарските офицери, додека кафеаната била преуредена во место за собирање и одржување состаноци на Бугарите.

Убавината на Славка, како млада девојка од 16 години, била запазена од еден бугарски офицер кој и се додворувал во секој погоден момент. Таа неможејќи да ги избегнува тие невкусни средби со бугарскиот офицер, се поврзала со свој роднина кој бил член на СКОЈ, за што не знаел ни нејзиниот дедо Ѓоре Американецот. Преку нејзиниот зет за сестра се поврзала директно и со Втората Македонска ударна бригада, односно со членовите Цветан Игрски, Цане Коњарец, Манчу Матак и Митко Цветаноски – Ганчо, кои се криеле во дупка во дворот на зетот од сестрата на Славка Манеска. На свои неполни 17 години заминала со партизаните за да се одмазди на Бугарите и нивниот терор врз населението на Прилеп.

Околу 6 месеци била борец, а воедно и болничарка на Втората македонска урадна бригада. При една борба помеѓу партизаните и балистите, на планината

Лигураса, на местото Бункери, кај Мариово, на само 2 дена пред ослободувањето се случил немил настан. Славка била скриена во грмуша блиску до фронтот, каде ги лечела ранетите партизани. Во тој момент го убиваат знаменосецот Митко Цветаноски– Ганчо. Според правилата, знамето не смее по никоја цена да падне на земја. Доколку знамето падне на земја, тоа значи дека се предаваат или дека сите борци се мртви. Во самото паѓање, Митко извикал „Славке чувај го знамето да не падне!“. Славка од грмушката истрчала да го земи знамето. По кратко време со два истрели била погодена во бутната коска. Таа го предала знамето на друг партизан и се довлечкала до засолниште. Нејзината нога била буквално разнесена, а таа самата дошла до еден извор за да ја измие ногата и да се напие вода. Наведнувајќи се над изворот, со главата паднала во него и се удавила мачејќи се да се извлече од него.

Борбата завршила со победа на партизаните. По завршувањето биле собрани сите ранети и загинати партизани, но телото на Славка не било најдено. Кога партизаните пристигнале во Прилеп, шетајќи низ улиците, прогласувајќи ја победата над фашизмот, ги донеле и сите ранети и погинати на свите роднини. Дедото на Славка, Ѓоре Американецот, не ја нашол својата внука ниту во живите, ниту во ранетите, ниту во погинатите. Разговарајќи со соборците на Славка, разбрал дека последен пат ја виделе при борбата на Лигураса, кај местото викано Бункери. Тој вечерта сам отишол на тоа место да ја бара својата внука. Долго време ја барал и ја нашол помеѓу три високи бора со главата во изворот. Ја донесол во Прилеп и ја закопал во семејната гробница на старите градски гробишта, каде и денес лежат нејзините коски.

Нејзиното име е забележано во Могилата на непобедените, иако нејзините коски не се таму. Во знак на благодарност, прилепчани именувале една улица по нејзиното име, која се наоѓа во нејзиното маало Старо Корзо. Како единствен спомен од неа е килимот кој нејзиниот татко го купил за нејзината свадба. Тој килим го купил од Пирот, при враќање од печалба од Романија. Тој килим, долг 4,5м и широк 3м, е во сопственост на Мира Наумоска, нејзината внука од сестра. Која го чува со големо внимание, почит и сеќавање на нејзината тетка Славка Манеска.

Горан Василески

Пеење песна за поетиката (и создавањето на песната) на друг поет

„Песната повеќе се открива отколку што се пишува, а поетот е медиум кој само ја пренесува песната од некој праоблик на постоење“[1] – на ваков начин академик Блаже Конески ја искажува својата теза поврзана со Ars-poetica-та. На слично рамниште со Конески се наоѓа и мислењето на рускиот симболист, Александар Блок, кој го дефинира поетот како син на хармонијата.[2]

Симболистите на творечкиот чин гледаат како на свесен процес, во кој, покрај креативната фантазија, рамноправно учествува и интелектот. Што значи тоа?

---

[1] Конески, Блаже, „Еден опит“ (предговор) во: „Стари и нови песни“, 1979.
[2] Блок, Александар, „О позиву песника“ во: „Ни снови ни јава“ – Београд, СКЗ, 1959.

Тоа значи дека при пеењето на песната, интелектот заедно со своите инструкции учествува во нејзината организација, структуирање, конструирање на метарот, ритамот и римата. Наспроти тоа, инспирацијата е чедо на тишината, на олицетворениот на хартија внатрешен глас, на арс-атмосферата во која творецот создава...
Во својата прва творечка фаза поетот Гане Тодоровски стиховите ги пее организирани во строфи, најчесто катрени, придружени редовно со рими, а се среќава и сонетот. Но ваквата склоност кон врзаниот стих ја напушта во својот понатамошен творечки период, така што римата сè почесто се заменува со средствата на еуфонијата, а стихот е испрекршен.
Не случајно оваа наша работа ја започнавме со мислењата на Конески и Блок за Ars poetica-та, ниту, пак, случајно проговоривме за еуфонијата и звучноста како стожерни елементи во поезијата на Гане Тодоровски.
Анте Поповски има испеано многу песни во кои пее за создавањето на зборот, за создавањето на песната. Но една од нив е посебно впечатлива по тоа што во неа се пее за поетиката на друг поет. Во песната без наслов, а со посвета, насочена кон великиот ни современ деец, Гане Тодоровски, поетот Поповски едновремено пее и за создавањето на песната на Гане и за нејзината поетика, истакнувајќи две нејзини клучни обележја.
Ако преку Ars poetica-та се подразбира песната да биде предмет на песната, тогаш преку интерпретацијата на оваа посветена песна ќе говориме за една интервенција на лирскиот субјект, што (според сопствена терминологија!) може да ја именуваме како:

- Пеење песна за пеењето на песната на друг поет
  или
- Пеење песна за поетиката на друг поет
  или
- Пеење песна за поетиката и за создавањето на песната на друг поет.

Во песната што ќе ја интерпретираме, Анте Поповски истакнува две значајни обележја на поетиката на Гане Тодоровски и тоа:

- звучноста и
- неологизмите.

Звучноста во поетиката од поезијата на Гане Тодоровски, Анте Поповски ја истакнува преку присуството на бројните самогласки што се базичен фактор за остварување на еуфоничен исказ:

„Една црвена шркалезна самогласка
утрово ми се претречила како коска
во грлово и сега аам и еам,
само иам и оам,
само уам...“

Сите тие самогласки создаваат и еуфонија и рима и ритам, а поезијата на Гане Тодоровски се одликува и со говорен и со поетски ритам. Вториов најчесто се остварува преку еуфонијата и паралелизмите.
Но зошто самогласката е епитетирана како „црвена“ и „тркалезна“? Зошто ваква дескрипција за елементарната звучна алка во пеењето на Гане или ако милувате - зошто ваков опис за една од основните нишки во поетиката на академик Тодоровски?
Одговорот го констатираме преку фрлање херменевтички поглед кон споменатиот опис. „Црвената боја е универзално призната како фундаментален симбол на принципот на животот, со својата боја, моќ и сјај; црвената боја е боја на огнот и на крвта, а поседува и еднаква амбивалентна симболика со нив, без разлика дали станува збор за

светло или темноцрвено. Светлоцрвената боја која сјае е дневна, машка, поттикнува на акција и како сонце го фрла својот сјај врз сите нешта со огромна моќ. Темноцрвената боја е сосема спротивна, ноќна, женска, тајна и преку неа се изразува мистеријата на животот“.[3]

Во нашиот конкретен случај станува збор за светлоцрвена боја која сјае дење, бидејќи уште во вториот стих е дадено утрото како маркер за време. Со оглед на тоа, црвената самогласка, која ја чини звучноста на песната, симболизира живот, моќ и сјај = нов живот = раѓање на нова песна. „Тркалезноста“ нема да ја гледаме со очите на стилистиката, така што логички констатираме дека со неа се алудира на формата на знакот од самогласката.
Ги споменавме и неологизмите како второ значајно обележје на поетиката на Гане, за чие создавање во песнава пее Анте:

„...Сите тие аам-и и еам-и,
се некои кревки ластарчиња, витици,
кои потеруваат
самогласките во мене
за да ме потсетат дека јазикот
насрочи нас
е долговечно битие
кое не престанува да потерува младици
и низ постојана возобнова
да го запишува и нашето име во нив...“

„Неологизам (кованка) е збор што не бил употребен порано, а што го сковал самиот поет“.[4] Метафора за кованиците се „сите тие аам-и и еам-и“:

кованици (неологизми) = аам-и, еам-и

Најголем мајстор за вковување на постоечките, а со тоа и за создавање на нови кованици од зборови во времето на Новата македонска книжевност, во периодот на македонскиот XIX век, во времето на преродбата, беше македонскиот Хомер, со ловор овенчаниот, Григор Прличев. Во сопственото дејание, тој има создадено најмалку 50 такви зборовни кованици. Работејќи го студиозно преродбеничкиот XIX век, се чини како Гане Тодоровски, свесно или несвесно, да го продолжил достојно Прличевиот пат. Гане е надарен и вешт ковач на зборови, создавач на неологизми, пеач со исклучително богат и уникатен вокабулар.

Бидејќи неологизмите се дефинираат како нови зборови, новосоздадени зборови во јазикот, кои со својот облик малку отстапуваат од вообичаениот начин на создавање зборови од тој вид, сосема е оправдана метафората на Поповски дека „сите тие аам-и еам-и се некои кревки ластарчиња, витици кои потеруваат“.
Станува збор за исказна метафора во варијантата „А е Б“, но се јавува и релативната метафора со која се дообјаснува и доопределува дејството (кои потеруваат) на вториот член од метафората (Б = ластарчиња, витици).

А = аам-и, еам-и	Б = ластарчиња, витици	А е Б = скратена споредба = in praesentia

Она со што поентира Поповски во оваа песна е уште

[3] Шевалие, Жан и Гербран, Ален: Речник на симболите - Скопје, Табернакул, 2005 (стр. 1092)
[4] Аристотел: За поетиката – Култура, Скопје, 1990 (стр. 67)

една дефиниција за јазикот. Поентирајќи во своите песни, Анте Поповски овозможи овој наш труд да содржи три негови дефиници = сентенции = поенти. Две за јазикот, една за Бог!

Согласно на тоа што во „Речник-от на симболите“ стои дека „не постои ништо на светот што не е писмо“, Анте во оваа своја песна вели дека „не постои ништо што не е збор“ за на крај да ја искористи постмодернистичката техника – контрадикција (иако е репрезент на современата македонска поезија!) и да ги спротивстави битисувањето на зборот, од една, и битисувањето на луѓето, од друга страна, пеејќи:

„...Зборот продолжува да создава живи светови
насроти пустините во душите ни“.

Милена Ристова-Михајловска

КРСТЕ БИТОВСКИ (1926 – 2009)



Професор д-р Крсте Битовски со своите капитални дела се запиша во историјата на македонската историска и интелектуална мисла. А научната мисла, колку и да е дел на некое минато, секогаш е поврзана со сегашноста и иднината. Својот голем творечки потенцијал Битовски постојано го даваше при создавањето на секое свое историографско дело, кое претставува континуиран процес на интеракција меѓу историчарот и фактите со кои тој располага, еден бесконечен дијалог меѓу минатото и сегашноста.

Крсте Битовски е роден во 1926 година во с. Габреш - Костурско. Нему детските години и младоста му биле поврзани со драматични настани на македонската голгота од делби и егзодуси. За време на Втората светска војна се преселува во Вардарска Македонија, во Битола. По завршувањето на војната и завршувањето на факултетот за историја се вработува во Институтот за национална историја, но набрзо, следен од тајната југословенска полиција и домашните предавници, ќе заврши 2,5 години на островот на смртта, Голи Оток, а во досиејата на тајните служби бил воден како „интелектуален Македонист“. По излегувањето од затворот својот работен век повторно го продолжува во Институтот за национална историја. Во 1965 година ја одбранил докторската дисертација на тема „Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912)“. За своите дела е добитник на многубројни државни награди. Добитник е на највискоката награда на Град Скопје „13 Ноември“, „11 Октомври“ и наградата „Гоце Делчев“. Најзначајни негови историски дела се: „Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912)“, Скопје, 1968. „Македонија и Кнежеството Бугарија (1893-1903)“, Скопје, 1977. „Македонија во време на Големата Источна криза (1875-1881)“, Скопје, 1982. „Дипломатските огласи на Илинденското востание“, Скопје, 1983. „Солунските атентати“, Скопје, 1985. „Континуитетот на македонските национално ослободителни борби во XIX и почеток на XX век“, Скопје, 1998. „Грчката „Македонска борба“, Скопје, 2001.

Потесната научна област на проф. Битовски му беше балканската политичка историја во втората половина на 19-от век и во првите децении на 20-от век – период исполнет со бурни и со пресвртни настани во политичките борби на македонскиот народ за стекнување на државност. Тој прецизно ги забележа и ги засведочи и однадвор наметнатите состојби на разорување, бројните сили што се појавиле како непријатели, што ги користеле сите можни начини и историски погодности да го уништат она што било постигнато, да го грабнат она што било создадено, да го преименуваат она што веќе било именувано.

Неговата прва студија: *Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912)*, грчки религиозно-просветни и вооружени пропаганди, опфаќа еден круцијален и долг историски период и до денес остана исклучително значаен научен труд во кои се следат различни етапи и форми на грчката денационализаторска и асимилаторска политика спрема Македонците.

Акцентот е ставен на трансформирањето на Цариградската патријаршија за целите на големогрчката идеја, кога таа од општохристијанска и религиозна се трансформирала во грчка пропагандна институција. Разбирливо, Битовски централно место во својот труд му придава на односот на грчката, во прво време црковно-училишна а потоа и оружена, пропаганда против македонското преродбенско и националноослободително движење.

Монографскиот труд на проф. д-р Крсте Битовски, *Македонија во времето на Големата источна криза (1875-1888)* претставува обработена и анализирана целина на еден краток но многу значаен период од балканската историја, којшто како свој продукт го имал првото големо политичко прекројување на политичката карта на Балканскиот Полуостров. Битовски сите овие испреплетени настани (буни, востанија, војни, преговори и договори) ги разгледува од аспектот на нивните крајни последици врз еден мал балкански народ, каков што е македонскиот.

Делото *Континуитетот на македонските националноослободителни борби во XIX и почетокот на XX век* претставува синтетизиран врв на историските

сознанија што во себе ги носеше Битовски. Историските настани кои се предмет на истражување се поставени во точно определен простор и во историско време чиј меѓусебен однос е концизно претставен, без никакви отскокнувања од просторните и временските рамки. Текстот го обработува процесот на развојот на македонската национална свест, првенствено преку националноослободителните борби на македонскиот народ во опфатениот период. Обработени се процесите на црковно-училишната борба и преродбенското движење, потоа преку крупните европски и балкански настани и решенија, а се одразиле директно врз судбината на Македонија и македонското население. На крај, централно место заземаат интелектуалната и оружената борба на македонскиот народ од Големата источна криза, преку Кресненското востание (1878), па се до формирањето на МРО и илинденската генерација.

Долгогодишното научно истражување на Битовски на историјата на грчката балканска политика во 19-от и почетокот на 20-от век, со посебен осврт на големогрчката национална пропагандна политика спрема територијата и населението на Македонија, резултираше со создавањето на монографијата *Грчката „Македонска борба“*. Ова дело во македонската историографија претставува прво, а до ден денес и единствено во кое е научно обработена грчката „Македонска борба“. Целта на авторот била да ги претстави генезата, развојот, кулминацијата (1904-1908), но и последиците на грчката оружена пропаганда во Македонија.

Солунските атентати од 1903 година се научно елаборирани во истоимената монографија, за прв пат објавена во 1985 година, а преобјавена на англиски и македонски јазик во 2003 година, по повод 100 години од македонското Илинденско востание.

Како претставник на првата генерација научни работници кои започнаа да ги поставуваат темелите на македонската историска мисла, проф. д-р Крсте Битовски е еден од неколкуте македонски историчари чиј научен опус го има неопходниот квантитет и квалитет. И затоа на крајот, сосема недвосмислено, може да се констатира дека со резултатите на научните постигнувања во повеќе од 40 годишната целосна посветеност на истражувањето и трагањето по историските факти и објективна вистина за минатото на македонскиот народ, со угледот на историчар со висок научен дострел, Битовски остави неизбришлив придонес и пополни многу празнини во историската мисла.

Димитар Љоровски-Вамваковски

Поезија-Оливера Ширговска

ЧУВАЈ ПОГЛЕД ЗА МЕНЕ

Не оди си од мене, не чувам еден дел за тебе,
прегратка топла, насмевка вечна,
од очи ми извира песна..
Нежно со очите пеам,
и кога душата трепери,
во срце се стрели отровни, јас редам зборови бисери...
Од суво грло, засипнато, од нешто недоречено..
Чувај барем поглед за мене,
скржаво сокриј го од сите,
еден лик од мечтите, еден поглед во ѕвездите..
Ќе видиш ѕвезда што сјае ќе познаеш чија е ..
ноќта на полна месечина , следи ја ѕвездата...
Што те следи во сонови,
на душата меки тонови,
желба, мечта милувана во поглед севда чувана.

КУФЕР

Ја спакував душата
и ситните парчиња што останаа ветви..
Износени, стари, излитени,
од чекање, страдање, молчење...
Подобро утре, ден, час...
дали ќе дојде, дали??
Си заминав од сегашноста..
Сама, со моите соништа тргнав на пат,
по калливи патишта...
Пред себе гледам нов пејсаж...
Можеби се и се менува, како и јас...
Неколку спомени, кои ги носам како амајлија,
им чувам место, во мојата фантазија..
Сонувам, патувам со очи отворени, а во куферот се зборови напишани..
Како печат ги носам со себе
и гледам далеку пред себе.... изгрева нов ден.

ИКОНИ ОД МАКЕДОНИЈА

Св. Параскева, 1852 година, Дичо зограф од Тресонче, непознато потекло, Музеј на Македонија.

Св. Димитрија, Св. Петар и Св. Илија, 1861 година, работилница на Дичо зограф од Тресонче, непознато потекло, Музеј на Македонија.

Овде можете да ги прочитате сите прет

Секоја од насловните страници претставува линк до содржи

ходни изданија на Македонска Ризница

#ината на соодветниот изминат број на Македонска Ризница

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Македонска ризница:

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

НОВА ЗОРА

ГОРЕ ГЛАВАТА!

cOoLTuRa

WWW.WHEREISMACEDONIA.ORG